РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 03-210/3
11.03 2022 год.
КОНЧЕ

Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС
Бр. 0307-681
30.03 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за набавка на услуги

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1.***Општина Конче*** со седиште во с.Конче бб, ЕМБС 6022995, ЕДБ 4023005118934, застапувано од градоначалникот Златко Ристов (во понатамошниот текст: ***Договорен орган)*** од една страна и

2. ПАВ Контакт Бизнис, со седиште *во Скопје*, со ЕМБС 6162070 и ЕДБ 4030006612076, застапувано од ***Ирена Стојковска*** (во понатамошниот текст: ***Носител на набавката)***

***Член 1***

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни Општина Конче и *Приватна Агенција за вработување – Контакт Бизнис Скопје*, за јавна набавка на агенциски услуги за привремени вработувања, согласно Одлуката за јавна набавка, по спроведената постапка за набавка од мала вредност на понуди со објавување на оглас бр. **01278/2022** која се спроведе во електронска форма и донесената Одлука за избор на најповолна понуда.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

***Член 2***

Предмет на овој Договор е набавка на агенциски услуги за привремени вработувања т.е. отстапување на работник/ци за вршење на привремени работи од страна на Носителот на набавката, а зависно потребите на Договорниот орган, согласно Законот за приватни агенции за вработување, наведеното во техничката спецификација од тендерската документација.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН –ОПШТИНА КОНЧЕ**

***Член 3***

Договорниот орган е должен:

- да достави барање до Агенцијата со специфицирано работно место со опис на работи и задачи кои треба привремено да се обавуваат (со наведен рок) како и наведена стручна подготовка односно определени квалификации соодветни за вршење на работите и задачите согласно актот на Систематизација на договорниот орган .

Носителот на набавката во рок од најмногу 5 дена е должен да достави до договорниот орган понуда на лица за секое барано работно место кои би одговарале за наведените работи и задачи;

Договорниот орган самостојно избира кое лице ќе го ангажира од понудените во зависност од природата на работите и задачите, а потоа склучува Договор за отстапување на работник со агенцијата за привремени вработувања согласно Законот за приватни агенции за вработување.

- да ги обезбеди потребните простории, опремата и средствата со кои привремениот работник треба да ја извршува работата;
- да обезбеди заштита при работа за отстапениот работник во согласност со важечките прописи и колективен договор;
- да доставува список за редовност за лицата ангажирани преку Носителот на набавката, а доколку истиот не е доставен ќе се смета дека работникот редовно си ги извршувал работните обврски;
- писмено да го извести Носителот на набавката доколку не е задоволен од работата и однесувањето на ангажираното/ите лице/а и може предвремено да го раскине склучениот договор со доставено писмено известување;

- на Носителот на набавката да му го исплати договорениот надомест во време и на начин како што е тоа определено со договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА – АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

*Член 4*

Покрај условите предвидени во Законот за приватните агенции за вработување, Носителот на набавката е должен:

- Во целост да ги исполнува и почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за ангажирање на привремен работник и за потребите на договорниот орган да отстапува работници кои ги исполнуваат потребните квалификации;
- Во случај да не може да обезбеди работници кои ги исполнуваат бараните квалификации согласно барањето за ангажирање на привремен работник веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, да го извести договорниот орган;
- Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за Приватни агенции за вработување, Законот за работни односи, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган;
- Веднаш по приемот на пресметката на платата и придонеси од платата за отстапениот работник, доставена од страна на договорниот орган, но не подолго од 2 (два) работни дена, да достави фактура зголемена за надоместокот на услугите на Агенцијата;
- На отстапениот работник редовно да му ја исплатува платата, придонесите за социјално осигурување, надоместоците на платата, во рокот предвиден во член 7 од овој договор ;
- Да доставува исплатна листа за плата до отстапените работници најдоцна 7 (седум) дена од денот на исплатата на плата;
- Во случај на доцнење со исплатата на плата, придонеси за социјално осигурување, надоместоци за плата на отстапениот работник да му плаќа законска затезна камата како и да ја надомести евентуалната штета доколку истата поради задоцнувањето е поголема од износот што би се добил на име законска затезна камата од сопствени средства;
- Да обезбеди осигурување од последици на несреќен случај – незгода во друштво за осигурување – осигурувач со задржување на определениот износ од нето платата на отстапениот работник, при што осигурувањето да трае 24 часа и за цело време додека отстапениот работник е работно ангажиран кај договорниот орган;
- Дека ниту под еден услов освен со писмена изречна согласност од страна на договорниот орган нема да го замени привремено отстапениот работник или да го откаже договорот за вработување;
- На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите на Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Конче;
- За цело времетраење на овој Договор да има важечка лиценца ,,А" издадена од Министерството за труд и социјална политика.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

*Член 5*

Вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на реално извршените услуги, при што Договорниот орган може да нарача, а Носителот на

набавката да изврши услуги во вредност не повеќе од **2.542.380** денари без вклучен ДДВ или **3.000.008** денари со вклучен ДДВ.

Извршената услуга над вкупната вредност на договорот наведена во овој член ќе биде на товар на Носителот на набавката.

Носителот на набавката предметните услуги - привремени вработувања ги врши со наплата на надоместок за услугите од Договорниот орган во износ од **6,44%** (процент на провизија) од висината на месечната бруто плата на ангажираното лице.

Процентот на провизија во износ од **6,44%** е фиксен и не се менува за цело времетраење на договорот.

## *ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ*

*Член 6*

Во случај на доцнење со извршување на предметот на договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали. Договорните страни се согласни во случај Носителот на набавката да не ја изврши навремено услугата која е предмет на овој Договор согласно член 4 алинеја 1, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,5 % од вкупната вредност определена со член 5 од овој Договор, за секој ден на доцнење од рокот наведен во член 4 алинеја 1 на овој Договор. Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната вредност определена со член 3 од овој Договор.

## *НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ*

*Член 7*

Договорните страни се договорија плаќањето да биде по доставена фактура за секое поединечно работно место за кое е склучен Договорот за отстапување на работник, најдоцна до 15-ти за месецот, а за претходниот месец.

Фактурите да се доставуваат во период од 01-ви до 5-ти во тековниот месец за претходниот месец. Во фактурите да бидат содржани елементи за бруто платата на привремено отстапениот работник и пресметаниот процент за провизија на Агенцијата за привремени вработувања.

Доколку Договорниот орган не ја плати паричната обврска по фактурата во рокот од став 1 на овој Член, Носителот на набавката има право на пресметка и наплата на казнена камата за задоцнето плаќање, како и право на надоместок за доцнење, согласно позитивните законски прописи.

## *ВИША СИЛА*

*Член 8*

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските по овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 (дваесет и четири) часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## *ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН*

*Член 9*

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## *РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ*

*Член 10*

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

***РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

*Член 11*

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна има право да го раскине овој Договор со доставување на писмено известување во рок од 7 (седум) дена пред раскинувањето на договорот.

***КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ***

*Член 12*

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

***ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

*Член 13*

Договорот се склучува за временски период од 12 (дванаесет) месеци и е вредносно ограничен на максимален износ кој е во согласност со предвидените средства за реализација.

***ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

*Член 14*

Договорот стапува на сила од **01.04.2022** година.

*Член 15*

Изменување и дополнување на овој Договор може да се врши со заедничка согласност на договорните страни доставена по писмен пат. Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

*Член 16*

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавката.

**Договорен орган:**
***Општина Конче***
***Градоначалник,***
***Златко Ристов***

**Носител на набавката:**
***КОНТАКТ БИЗНИС Скопје***
***Управител***
**Ирена Стојковска**

**Приватна Агенција за вработувања**

**К О Н Т А К Т Б И З Н И С Скопје**

**Арх.бр.0307-324/1 од 08.03.2022**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 01278/2022 објавен од страна на Општина Конче, за набавка на агенциски услуги за привремени вработувања, со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација,како и електронскла аукција ја поднесуваме следнава:

КОНЕЧНА ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ПАВ Контакт Бизнис
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул.Антон Попов бр.41а Скопје
- Телефон: 02 2463 068
- Факс: /
- Е-пошта: kontakt-biznis@t.mk
- Лице за контакт: Силвана Илиевска

I.3. Одговорно лице: Ирена Стојковска
I.4. Даночен број: 4030006612076
I.5. Матичен број: 6162070

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

| 1 | 2 |
|---|---|
| **Опис** | **Вкупно процент** (%) |
| Процент на провизија | *6,44%* |

II.2. Вкупната цена на нашата понуда за јавната набавка на услуги – **услуги за привремени вработувања** искажана во процент, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува 6.44 %
Со букви:шест запирка четириесетичетири проценти.

Вкупниот износ на ДДВ-то изнесува: 18%.
II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.
II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје,08.03.2022

Одговорно лице*

Ирена Стојковска

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице